Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
Примено: 14.06.2022

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 0201 | 32 | 2 | |

Врз основа член 370 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20 и 215/21) и точка 21 од Проспектот на ВФП ДИВИДЕНДА – отворен инвестициски фонд, Одборот на директори на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), на седницата на Одборот на директори одржана на 14.06.2022 година, ја утврди следната:

# ОДЛУКА

**за определување датум за исплата и износ на исплата на дивиденда на сопствениците на удели во ВФП ДИВИДЕНДА – отворен инвестициски фонд за 2021 година**

1. Износот на дивиденда кој ќе се исплати на сопствениците на удели во ВФП ДИВИДЕНДА – отворен инвестициски фонд изнесува 0,6011 по удел.
   - Дивидендата ќе се исплаќа на трансакциска сметка на секој од сопствениците на удели.
2. Првиот ден без право на дивиденда за сопствениците на удели е 15.06.2022 година.
3. Исплатата на дивиденда ќе започне на 22.06.2022 година.
4. Сите сопственици на удели кои ќе бидат впишани во регистарот на удели заклучно со последниот ден со право на дивиденда донесен од страна на Друштвото во годината – 14.06.2022 година, го стекнуваат правото за учество во дел од исплатата од Фондот.
5. Одлуката за исплатата на дивиденда и другите клучни информации поврзани со распределбата на дел од приходите во вид на дивиденда ќе се објават на интернет страната на Друштвото.
6. Сопствениците на удели кои ќе го стекнат правото на исплата на дивиденда, ќе бидат информирани за износот и начинот на исплата преку начинот на комуникација кој го одбрале да ги добиваат известувањата од Фондот.
7. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

---

Износот кој ќе се исплаќа на сопствениците на удели може да подлежи на даночни оптоварувања. Секој сопственик на удел е должен самостојно да се информира за даночниот третман на приходот кој би го остварил од уделите и доколку од тоа произлегуваат даночни обврски, истите да ги регулира, согласно важечката законска регулатива во делот на даноци.